Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ ЗА 2020 ГОДИНА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-55/2
24.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Дел. Бр. ____________ Lokman Limani
(име и презиме)

Датум: ____________ Директор
(функција/звање на раководителот на инспекциската служба)

Место: ____________ (м.п.) ____________
(потпис)

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам поднесува Годишен план за 2020 година за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на разгледување и добивање на согласност од Председателот на Инспекцискиот совет.

## Резиме

Годишниот план ја преставува нашата визија за наредната календарска година. Во неа се содржани активностите и задачите што ги поставивме пред себе согласно член 18 од Закон за испекциски надзор.

Дел од задачите и активностите се продолжение или финализација на проектите кои ги започнавме а кои поради сложеноста и времетраењето не може да се комплетираат во една календарска година. Останатите активности кои ќе бидат започнати преставуваат нови проекти на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам чија цел е усогласување на националното законодовство од обласа на градежништвото и урбанизмот со европското законодавство како и подобрување на квалитетот на услугите кои Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам им ги обезбедува на граѓаните.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор на територијата на Република Северна Македонија и тоа директна надлежност за објекти од прва категорија и контрола на овластени градежни инспектори во Единиците на локална самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија), кои инспекциски надзор се спроведува согласно:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и прописите донесени врз основа на истиот закон
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и прописите донесени врз основа на истиот закон;
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр.50/10, 157/11,147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) и прописите донесени врз основа на истиот закон ;
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 ) и прописите донесени врз основа на истиот закон;
- Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

## Анализа на ризици

(1) Во начинот на раководење и управување со работата, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се базира на принципите на законитост, економичност и ефикасност при што во целост постапува по одредбите од релевантната законска регулатива.

(2) Инспекторите во вршење на инспекцискиот надзор се придржуваат до следните вредности на инспекциската служба:

- примената на начелото на законитост на постапката;
- заштита на јавниот интерес;
- почитување на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност;
- примена на начелото на материјална вистина;
- примена на начелото на сослушување на субјектите на надзорот;
- примена на начелото на самостојност;
- примена на начелото на јавност;
- примена на начелото на пропорционалност;
- примена на начелото на превенција;
- примена на начелото на субсидијарност.

(3) Инспекторите во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во вршењето на инспекцискиот надзор се должни работите да ги вршат самостојно,совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно.

Цели кои треба да се остварат со инспекциски надзор се :

(1) Контролирана градежна експанзија;

- зголемување на степенот на едукација на инвеститорите за 10%;
- намалување на бесправно изградените објекти за 15%;
- зголемен надзор над работата на овластениот градежен инспектор за 10%;
- намалување на бројот на подесени претставки за 15%.
-

(2) Зголемена контрола над урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање, се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автопат;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

Контрола согласно член 88 став (2) од Закон за просторно и урбанистичко планирање, врз субјектот - органот кој ја одобрил урбанистичко – планската

документација односно урбанистичко – проектната документација.

(3) Зајакнување на капацитетите на вработените;

- зголемена посета на специјализирани обуки за 30% со цел за стручно оспособување и усовршување на досегашните државни службеници, се со цел за подобрување на квалитетот на работата на Инспекторатот.

**Анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор**

(1) При анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите од областа на градежништвото и урбанизмот се доаѓа до проценка дека веројатноста за настанување на ризикот е умерена, што значи од 10-60%, бидејќи ризикот може да се јави повремено или случајно.

(2) Претпоставката дека јавувањето на ризикот е умерено се базира на статистиките за досега извршени инспекции и изведени заклучоци од записниците на инспекторите за извршени редовни и вонредни инспекции и од нивните месечни и квартални извештаи, како и од други месечни и годишни извештаи кои Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги изготвува и доставува настојувајки да ги запази пропишаните законски рокови.

**Дефинирање на ризичните области**

(1) Предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризични области дефинирани според појавата на ризиците.

- внатрешни ризици и
- надворешни ризици.

(2) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 128 и член 146 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15 ,129/15, 217/15 , 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18); спроведува инспекциски надзор врз објекти од прва категорија, кои уредува дека при вршење на инспекцискиот надзор градежниот инспектор е должен да провери дали управните акти издадени врз основа на овој закон се во согласност со истиот и доколку утврдат дека издадените акти се спротивни на овој закон должни се да поднесат писмен предлог до органот кој го донел актот за поништување на истите, како и инспекциски надзор над овластените инспектори во Единиците на локалната самоуправа, кои согласно член 131 став 4 се надлежни за надзор на објекти од втора категорија во кои член е уредено дека градежниот инспектор при вршење на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор ги врши работите согласно овој закон.

Согласно член 88 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и

168/18) урбанистичкиот инспектор врши инспекциски надзор врз урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автопат;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

Согласно член 88 став (2) од овој закон субјектот на инспекциски надзор е органот кој ја одобрил урбанистичко – планската документација односно урбанистичко – проектната документација.

## Идентификување и утврдување на ризикот

(1) Изворите на информации и податоци за идентификување на ризик се базира врз принципи при што утврдувањето на ризикот се спроведуваат на неодреден временски период и од раководната структура на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.
(2) Во идентификувањето на ризикот дополнителен фактор кој се зема во предвид претставуваат надзорите на урбанистичкиот и градежниот инспектор врз градбите од прва категорија кои се од значење за Републиката.

## Организација и раководење

Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи Директор кој го назначува Владата на Република Северна Македонија, во негово отсуство со инспекторатот раководи лице по овластување на директорот.
Со работата на секторите во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководат раководители на сектори, а во нивно отсуство ги заменуваат помошниците раководители на сектори и со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните административни службеници со највисоко звање во одделението, кој ќе го определи директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
Заради ефикасно работење и целосно остварување на работните задачи на Инспекторатот, се формира колегиум со минимум еден состанок неделно, во состав:

- Директор на инспекторатот;
- Државен советник;
- Раководители на сектор;

- Помошници раководители на сектор;
- Раководители на одделенија и
- Раководители на независни организациони единици.

По потреба или во отсуство на член на колегиумот, на состнокот на колегиумот ќе присуствуваа друг државен службеник од нивото Б или В.

**Табела 1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2020 година, по вид, возраст и звање**

| Вид | Градежен инспектор | | | | | | Урбанистички инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво – Звање / Возраст | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно | < 30 г. | 31 – 40 г. | 41 – 50 г. | 51– 60 г. | > 60 г. | вкупно |
| Б1 – Генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б2 – Главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б3 – помлад главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | **2** |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | **4** |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| ВКУПНО | **0** | **0** | **1** | **1** | **2** | **3** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **2** | **0** | **0** | **2** | **0** | **4** | **6** |

Табела 2: План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Градежен инспектор | | | Урбанистички инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Вработување | Пензионирање | Разлика | Вработување | Пензионирање | Разлика | Вработување | Пензионирање | Разлика |
| Б1 – Генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – Главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – Помлад главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – Виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – Советник инспектор | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – Самостоен инспектор | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – Помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – Помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## Инспекциски надзор

### Критериуми за идентификување на субјектите на инспекциски надзор

(1) Субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење се, учесниците во изградбата и тоа:

- Инвеститор-носителот на правото за градење кој може да биде правно или физичко лице-лице кое се стекнало со право на градење;
- Изведувач-правно лице кое има право да ја изведува градбата;
- Инженер за изведба-физичко лице кое раководи со изградбата на градбата;
- Надзор над изградбата-правно лице кое има право да врши надзор над изградбата;
- Главен надзорен инженер-физичко лице кој има право да врши надзор над изградбата на градбата;

- Проектант-правно лице кое има право да врши проектирање;
- Главен проектант-физичко лице кој е должен проектот да го изработи согласно стандардите и нормативите за проектирање;
- Ревидент-правно лице кое има право да врши ревизија
- Главен ревидент-физичко лице кое има право да врши ревизија

Како субјект кој е предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење е и:

- Надлежен орган-орган кој ја води управната постапка и издава одобрение за градење и други пропишани акти, а се однесуваат за градби од значење за Републиката категоризирани како градби од прва категорија;
- ЕЛС-преку контрола на работењето на овластениот градежен инспектор

Напомена: Како субјекти во инспекцискиот надзор може да се јават странски физички и правни лица, како и субјекти кои со ратификуван договор имаат право да учествуваат во изградбата која изградба се гради на територија на две држави.

(2) Критериумите за идентификување субјекти не се посебно дефинирани, а обврската на субјектот на надзорот во постапката на инспекцискиот надзор прецизно се опишани во член 28 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18). Инспекторот за идентификување на субјектот на надзорот во согласност со законите соработува и со службите на Министерството за внатрешни работи, но постапката ја води согласно Законот за општа управна постапка (уредна достава

**Табела 3.1. Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2020 година, по региони и општини/од областа на градежништвото согласно Закон за градење**

| Ред. бр. | Регион/општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вондреден надзор | Контролен надзор | | |
| | **Вардарски регион** | 2 | 3 | / | 5 | 1 |
| 1 | Велес | / | / | / | / | / |
| 2 | Градско | / | 1 | / | 1 | / |
| 3 | Демир Капија | / | / | / | / | / |
| 4 | Кавадарци | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 5 | Лозово | / | / | / | / | / |
| 6 | Неготино | / | / | / | / | / |
| 7 | Росоман | / | / | / | / | / |
| 8 | Свети Николе | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| 9 | Чашка | / | / | / | / | / |
| | **Источен регион** | 5 | 4 | / | 9 | 1 |
| 10 | Берово | 1 | / | / | 1 | / |
| 11 | Виница | / | / | / | / | / |
| 12 | Делчево | / | / | / | / | / |
| 13 | Зрновци | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 14 | Карбинци | / | 1 | / | 1 | / |
| 15 | Кочани | 1 | / | / | 1 | / |
| 16 | Македонска Каменица | / | / | / | / | / |
| 17 | Пехчево | / | / | / | / | / |
| 18 | Пробиштип | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 19 | Чешиново | / | 1 | / | 1 | / |
| 20 | Штип | 1 | 1 | / | 2 | / |
| | **Југозападен регион** | 5 | 9 | 1 | 15 | 3 |
| 21 | Вевчани | / | / | / | / | / |
| 22 | Дебар | 1 | / | / | 1 | / |
| 23 | Дебарца | / | 1 | / | 1 | / |
| 24 | Кичево | 1 | / | / | 1 | / |
| 25 | Македонски Брод | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 26 | Охрид | 1 | 5 | 1 | 7 | 1 |
| 27 | Пласница | / | / | / | / | / |
| 28 | Струга | 1 | 3 | / | 4 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Центар Жупа | / | / | / | / | / |
| | **Југоисточен регион** | 5 | 4 | / | 9 | 2 |
| 30 | Богданци | / | / | / | / | / |
| 31 | Босилово | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 32 | Валандово | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 33 | Василево | / | / | / | / | / |
| 34 | Гевгелија | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 35 | Дојран | / | / | / | / | / |
| 36 | Конче | / | / | / | / | / |
| 37 | Ново Село | 1 | / | / | 1 | / |
| 38 | Радовиш | / | 2 | / | 2 | / |
| 39 | Струмица | 1 | 1 | / | 2 | / |
| | **Пелагониски регион** | 5 | 8 | | 13 | 3 |
| 40 | Битола | 1 | 3 | / | 4 | 1 |
| 41 | Демир Хисар | 1 | / | / | 1 | / |
| 42 | Долнени | / | / | / | / | / |
| 43 | Кривогаштани | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 44 | Крушево | / | 1 | / | 1 | / |
| 45 | Могила | / | 1 | / | 1 | / |
| 46 | Новаци | 1 | / | / | 1 | / |
| 47 | Прилеп | 1 | 3 | / | 4 | 1 |
| 48 | Ресен | / | / | / | / | / |
| | **Полошки регион** | 3 | 4 | | 7 | 2 |
| 49 | Боговиње | / | / | / | / | / |
| 50 | Брвеница | / | 1 | / | 1 | / |
| 51 | Врапчиште | / | / | / | / | / |
| 52 | Гостивар | / | 1 | / | 1 | / |
| 53 | Желино | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| 54 | Јегуновце | 1 | / | / | 1 | / |
| 55 | Маврово Ростуше | / | / | / | / | / |
| 56 | Теарце | / | / | / | / | / |
| 57 | Тетово | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| | **Североисточен регион** | 3 | 3 | | 6 | 3 |
| 58 | Кратово | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | / | 1 | / | 1 | / |
| 60 | Куманово | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| 61 | Липково | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 62 | Ранковце | / | 1 | / | 1 | / |
| 63 | Старо Нагоричане | / | / | / | / | / |
| | **Скопски регион** | 8 | 11 | 1 | 20 | 3 |
| 64 | Аеродром | 1 | / | / | 1 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 65 | Арачиново | / | / | / | / | / |
| 66 | Бутел | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 67 | Гази Баба | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | / | / | 1 | / |
| 69 | Зелениково | / | / | / | / | / |
| 70 | Илинден | / | 5 | / | 5 | / |
| 71 | Карпош | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 73 | Петровец | / | / | / | / | / |
| 74 | Сарај | / | 1 | / | 1 | / |
| 75 | Сопиште | / | / | / | / | / |
| 76 | Студеничани | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 77 | Центар | 1 | 2 | / | 3 | / |
| 78 | Чаир | / | / | 1 | 1 | / |
| 79 | Чучер Сандево | / | / | / | / | / |
| 80 | Шуто Оризари | / | / | / | / | / |
| | **Вкупно** | 36 | 46 | 2 | 84 | 18 |

**Напомена:**

Планираните вонредни и контролни надзори се по службена должност на целата територија на Република Северна Македонија, и инспекторатот го задржува правото истите да ги помести во самиот регион од причина што како инвеститор претежно се јавува државата и во зависност од инвестиционата програма и обезбедени средства инвестициите се во одреден период на одредена локација се со цел да се запази реализацијата на истите.

Табела 3.2. Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2020 година, по региони и општини/согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање

| Ред .бр. | Регион/општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилнос ти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вондреден надзор | Контролен надзор | | |
| | **Вардарски регион** | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 |
| 1 | Велес | / | / | 1 | 1 | / |
| 2 | Градско | / | / | / | / | / |
| 3 | Демир Капија | / | / | / | / | / |
| 4 | Кавадарци | 1 | / | / | 1 | / |
| 5 | Лозово | / | / | / | / | / |
| 6 | Неготино | / | 1 | / | 1 | / |
| 7 | Росоман | / | / | / | / | / |
| 8 | Свети Николе | / | / | / | / | / |
| 9 | Чашка | / | / | / | / | / |
| | **Источен регион** | 3 | 3 | | 6 | 2 |
| 10 | Берово | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 11 | Виница | / | / | / | / | / |
| 12 | Делчево | / | 1 | / | 1 | / |
| 13 | Зрновци | / | / | / | / | / |
| 14 | Карбинци | / | / | / | / | / |
| 15 | Кочани | / | 1 | / | 1 | / |
| 16 | Македонска Каменица | / | / | / | / | / |
| 17 | Пехчево | / | / | / | / | / |
| 18 | Пробиштип | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 19 | Чешиново | / | / | / | / | / |
| 20 | Штип | 1 | 1 | / | 2 | / |
| | **Југозападен регион** | 4 | 3 | | 7 | 2 |
| 21 | Вевчани | / | / | / | / | / |
| 22 | Дебар | / | 1 | / | 1 | / |
| 23 | Дебарца | / | / | / | / | / |
| 24 | Кичево | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 26 | Охрид | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 27 | Пласница | / | / | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Струга | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 29 | Центар Жупа | / | / | / | / | / |
| | **Југоисточен регион** | 1 | 3 | | 4 | 0 |
| 30 | Богданци | / | 1 | / | 1 | / |
| 31 | Босилово | / | / | / | / | / |
| 32 | Валандово | / | / | / | / | / |
| 33 | Василево | / | / | / | / | / |
| 34 | Гевгелија | / | 1 | / | 1 | / |
| 35 | Дојран | / | / | / | / | / |
| 36 | Конче | / | / | / | / | / |
| 37 | Ново Село | / | / | / | / | / |
| 38 | Радовиш | / | / | / | / | / |
| 39 | Струмица | 1 | 1 | / | 2 | / |
| | **Пелагониски регион** | 4 | 4 | | 8 | 2 |
| 40 | Битола | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 41 | Демир Хисар | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 42 | Долнени | / | 1 | / | 1 | / |
| 43 | Кривогаштани | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 44 | Крушево | / | 1 | / | 1 | / |
| 45 | Могила | / | / | / | / | / |
| 46 | Новаци | / | / | / | / | / |
| 47 | Прилеп | 1 | / | / | 1 | / |
| 48 | Ресен | / | 1 | / | 1 | / |
| | **Полошки регион** | 2 | 3 | | 5 | 2 |
| 49 | Боговиње | / | / | / | / | / |
| 50 | Брвеница | / | / | / | / | / |
| 51 | Врапчиште | / | / | / | / | / |
| 52 | Гостивар | / | 1 | / | 1 | / |
| 53 | Желино | / | / | / | / | / |
| 54 | Јегуновце | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 55 | Маврово Ростуше | / | 1 | / | 1 | / |
| 56 | Теарце | / | / | / | / | / |
| 57 | Тетово | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| | **Североисточен регион** | 2 | 2 | | 4 | 1 |
| 58 | Кратово | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | / | 1 | / | 1 | / |
| 60 | Куманово | 1 | 1 | / | 2 | / |
| 61 | Липково | / | / | / | / | / |
| 62 | Ранковце | / | / | / | / | / |
| 63 | Старо Нагоричане | / | / | / | / | / |
| | **Скопски регион** | 7 | 4 | | 11 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 64 | Аеродром | 1 | / | / | 1 | / |
| 65 | Арачиново | / | / | / | / | / |
| 66 | Бутел | 1 | 1 | / | 2 | 1 |
| 67 | Гази Баба | 1 | / | / | / | 1 |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 69 | Зелениково | / | / | / | / | / |
| 70 | Илинден | / | 1 | / | 1 | / |
| 71 | Карпош | 1 | / | / | 1 | / |
| 72 | Кисела Вода | 1 | / | / | 1 | / |
| 73 | Петровец | / | 1 | / | 1 | / |
| 74 | Сарај | / | / | / | / | / |
| 75 | Сопиште | / | 1 | / | 1 | / |
| 76 | Студеничани | / | / | / | / | / |
| 77 | Центар | 1 | / | / | 1 | / |
| 78 | Чаир | / | / | / | / | / |
| 79 | Чучер Сандево | / | / | / | / | / |
| 80 | Шуто Оризари | / | / | / | / | / |
| | **Вкупно** | 24 | 23 | 1 | 48 | 12 |

**Напомена**: Планираните вонредни и контролни надзори се по службена должност од информацискиот систем Е-урбанизам, и инспекторатот го задржува правото за преместување и прегрупирање на видот и бројот на планирани надзори од регион во регион во зависност од фактичката состојба во одреден период од годината.

## Обука на инспекторите и административните службеници

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, постапувајќи согласно член 55 од Законот за административни службеници, а во врска со член 58 од истиот зкон подготвува индивидуален (за секој вработен поединечно) и Годишен план за обуки за вработените во институцијата, кој обуки се избираат од Каталогот за планирани генерички обуки од Минитерството за информатичко општество и администрација, кој предлог план се испраќа до Министерството за мислење и се архивира, по кој предвидените обуки за наредната година се реализираат сукцесивно. За делот на вработените кој се во Секторот за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот, по донесување на Годишата програма за генерички обуки на инспекторите која Советот е во план да ја донесе до крајот на 2019 година, истите ќе изберат од понудените специјализирани обуки и инспекторатот согласно член 18 став 16 од Законот за инспекциски надзор ќе постапи и ќе го запази рокот за донесување на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2020 година.

## Буџет и финансирање

| Р.бр. | Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Максимален износ во илјади денари |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Вкупно одобрен буџет** | **741** | **15.230.000,00** |
| | Програма 19 Инспекторати | | |
| **2.** | **Основни плати** | **401** | **8.278.000,00** |
| **3.** | **Придонеси за социјално осигурување** | **402** | **3.062.000,00** |
| **4.** | **Патни и дневни расходи** | **420** | **100.000,00** |
| **5.** | **Комунални услуги** | **421** | **1.600.000,00** |
| **6.** | **Материјали и ситен инвентар** | **423** | **290.000,00** |
| **7.** | **Поправка и тековно одржување** | **424** | **400.000,00** |
| **8.** | **Договорни услуги** | **425** | **1.140.000,00** |
| **9.** | **Други тековни расходи** | **426** | **160.000,00** |
| **10.** | **Купување на опрема и машини** | **480** | **100.000,00** |
| **11.** | **Купување на мебел** | **483** | **100.000,00** |

## Меѓународна соработка

Мисијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно надлежностите утврдени со закон како основна цел и приоритети на кои е сконцентриран се: основните барања за градбата, зависно од намената, а предвидено со параметрите од планската документација со цел градбите да бидат изведени и проектирани со висок квалитет односно со механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита со рационално уредување и користење на просторот за подобри услови во согласност со еколошките стандарди како и за хумано живеење и работа на граѓаните.

Доследно спроведување на Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор како и усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

Едно да укажеме, дека нема да се откажеме, ќе продолжиме да работиме многу на ова поле, низ трибини, разговори, дебати, размени на мислења, проекти и програми, се со цел за подобрување и усовршување на процесот на градба кој за нас е многу важен.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган на државната управа надлежен за вршење на инспекциски надзор над спроведување на прописите од областа за која е надлежен (Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор), сервисно ориентиран цели да стане високо квалитетна институција, која со својата работа ќе придонесе во засилување на инспекцискиот надзор преку засилени надзори и ефикасно спроведување на законите за кои е надлежен, со капацитет за следење на начелото на Европскиот простор и ефективно транспонирање на законодавството на Европската унија.

Една од целите на современите системи е ние како институција да се избориме за Нашите слободи и права, каде преку Нашите идеи и размислувања и наоѓање на креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваме ќе го подобриме процесотн на градење, а истовремено ќе дадеме инпут во љубопитност за осознавање на светот на начин кој ќе ги преиспитува однапред дефинираните вистини. Ние како професионалци треба да ги поттикнеме нашите колеги инженери и идни инвеститори и изведувачи да ги препознаат своите способности, да ги усовршуваат своите вештини и заедно со нашите инспектори да соработуваме во насока на остварување на заедничките цели кон градење на современи градби кој се функционални и ќе се вклопат во просторот на модерното живеење. Само така ќе можеме да создадеме генерации кои ќе го унапредат начинот на кој ги практикуваме секојдневните знаења, уки и активности и меѓусебно ќе соработуваме, се со цел за поефикасно и функционално творење во делот на градежништвото и архитектурата.

Во периодот кој е предмет на планирање во рамките на своите надлежности ќе работи за остварување на визијата.

## Други активности на инспекциската служба

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како и секогаш е транспарентен кон медиумите односно отворен за соработка од секаков вид.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има WEB страна, на која страна информациите се објавени по електронски пат и достапни до граѓаните со кои треба да ја потврдиме нашата транспарентност и стремеж за ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работите кои се во доменот на нашата законска и подзаконска регулатива која ја спроведуваме.
Безрезервно може да истакнеме дека Нашата WEB страна од ден во ден се повеќе се надргрgalдува и станува подостапна со актуелности кои се дел од работењето на Инспекторатот.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се стреми во насока на специфичноста во извршување на своите задачи и обврски со тоа што остварува постојана комуникација и координација со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт и врски, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за катастар на недвижности, ТИРЗ, Агенцијата за државни патишта, Градот Скопје, Единиците на локалната самоуправа, Управата за јавни приходи и други државни органи кои претставуваат дел од процесот на градење или на некаков начин се во процесот на градење и урбанистичко планирање.

Во периодот кој следеше и ќе следи инспекторатот отпочна соработка која сака да ја спроведе како пракса која ќе остане и ќе се продолжува во годините кој следат. Соработка и размена на искуства со земјите од соседството со цел за потпишување на „Меморандум за меѓународна соработка" за размена на искуства и воспоставување на европски стандарди во делот на градежништвото и урбанизирање на просторот. Како соработка со која започна оваа новина е посетата на Република Албанија и работна средба со колегите од Националниот инспекторат за заштита на територија на Република Албанија, а во периодот кој следи и е предмет на ова планирање се Република Хрватска, Република Србија, Република Косово, Босна и Херцеговина, Република Бугарија и Република Грција.